**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 11-781/8**
**Скопје, 05.12.2005 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА „НОВАЦИ„**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на Општина Новаци за 2004 година, кои се прикажани на страните од 4 до 5 .

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Општина Новаци за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

   - Трајан Мицевски, Градоначалник за периодот од 01.01.2004 до 31.12.2004 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 3 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 05.09. до 12.09.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

   - Лилјана Стојанова - Помошник ГДР и овластен државен ревизор;
   - Петре Гаврилов - Виш ревизор;
   - Лила Зафировска - Ревизор;

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат

финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на актите**

10.1.1. Не е покрената иницијатива ниту е извршено усогласување на актите за организација и работа и актите за систематизација на работните места согласно членовите 57, 58, 91 и 94 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ 5/2002), во законски утврдените рокови. Неусогласувањето на актите во законски утврдените рокови го нарушува принципот на законско работење на единицата на локалната самоуправа и допринесува да неможе да се изврши пополнување на оптималните работни места неопходни за извршување на работите и задачите.
**Препорака:**
Надлежното одделение во што пократок рок да изврши усогласување на постојните акти со важечката законска регулатива .

**10.2. Неправилности во искажување на расходите/приходите**

10.1.1. Ставката Трансфери и донации, во Билансот на приходи и расходи е потценета за износ од 400 илјади денари за колку е потценета ставката Капитални расходи, за извршеното плаќање по пат на договор за асигнација од Фондот за магистрални и регионални патишта, за плаќање на обврски спрема добавувачи за асфалтирање на улици во општина Новаци.
Овие трансакции не се спроведени преку сметката на буџетот на единицата на локалната самоуправа, ниту се евидентирани во сметководствената евиденција на буџетот на единицата за локална самоуправа Новаци, поради што се потценети приходите и расходите за наведениот износ. Ова од причина што субјектите кои ги обезбедуваат средствата истите ги дозначуваат директно на изведувачите.
**Препорака:**
- Да не се практикува начинот на плаќање по пат на асигнации како не би се нарушил буџетскиот принцип на евидентирање во сметководството односно член 18 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

11. Според наше мислење освен за изнесеното во точките 10.2. финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Буџетот на општина Новаци на ден 31 Декември 2004 година, резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење кај Буџетот на општина Новаци остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи, за 2004 година.

**Скопје, 02.12. 2005 година**

**Овластен државен ревизор**
**Лилјана Стојанова**

**Буџет на ЕЛС НОВАЦИ**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2004**

во 000 Ден.

| **Опис на позицијата** | **Образло жение** | **2004** | **2003** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.3. | 3,299 | 2,614 |
| Неданочни приходи | 3.4. | 26 | 86 |
| Трансфери и донации | 3.5. | 2,087 | 1,851 |
| **Вкупно приходи** | | **5,412** | **4,551** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | 3.1. | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.1.1. | 1,517 | 1,264 |
| Стоки и услуги | 3.1.2. | 2,209 | 1,847 |
| Тековни трансфери и субвенции | 3.1.3. | 294 | 353 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **4,020** | **3,464** |
| **Капитални расходи** | 3.2. | | |
| Купување на капитални средства | 3.2.1. | 1,361 | 817 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **1,361** | **817** |
| **Вкупно расходи** | | **5,381** | **4,281** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **31** | **270** |

**Буџет на ЕЛС НОВАЦИ**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | **4.1.** | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 31 | 267 |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетот и фондовите | | 0 | 3 |
| **Вкупно тековни средства** | | **31** | **270** |
| **Вкупно капитални средства** | | **0** | **0** |
| **Вкупна актива** | | **31** | **270** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | **4.2.** | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 31 | 270 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **31** | **270** |
| **Вкупна пасива** | | **31** | **270** |